**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува


Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
03-06. 2016

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 10 | 3066 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен
2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДОО Скопје
3. **Период опфатен со надзорот:** 12 мај 2016 година
4. **Датум на извршување на надзорот:** 3 јуни 2016 година
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 14 од Законот за медиуми** (Импресум)
   - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Информации достапни за корисниците)
   - **Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Идентификација на радиодифузер)
6. **Претходно изречена мерка:** нема
7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДОО Скопје, емитуван на 12 мај 2016 година, на регионално ниво, Д1–Скопје, **е констатирано прекршување на член 14 од Законот за медиуми.**

Во програмите емитувани 12 мај 2016 година, не се објавени податоците со кои се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудиовизуелните содржини, за носителот на авторските права, за одговорниот уредник/уредниците на програмите, за потеклото и датумот на продукција на аудиовизуелните дела, името на медиумот од каде што е преземена содржината и тн. што радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

| Наслов на емисија | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| Музички блок, забавна музика, албански | 03:16:42 | 04:52:49 | Без податоци за уредникот на ТВ ЕРА и сл. |
| Islam Birligi'ne Çagri/Еден повик за исламско единство/Një thirrje për bashkim islam | 04:52:50 | 05:23:21 | Документарна емисија со религиозна тематика-без податоци за авторите на емисијата, ниту за делот на албански јазик од ТВ ЕРА |
| Музичка, верска (исламска), со Сами Јусуф и др., на арапски, турски, англиски и др. | 05:25:53 | 06:57:23 | Без податоци за уредникот на ТВ ЕРА и сл. |
| Вести (над 13 минути) | 07:00:45 | 07:14:26 | Без податоци во прилозите и во одјавната шпица за уредникот и адресата на ТВ ЕРА и сл. |
| Музичка, верска (исламска), со Сами Јусуф и др., на арапски, турски, англиски и др. | 07:20:12 | 08:15:55 | Без податоци за уредникот на ТВ ЕРА и сл. |
| Вести (над 13 минути) | 09:00:00 | 09:13:49 | Без податоци во прилозите и во одјавната шпица за уредникот и адресата на ТВ ЕРА и сл. |
| Музички блок, народна музика, албански | 09:15:55 | 10:14:06 | Без податоци за уредникот на ТВ ЕРА и сл. |
| Музички блок, народна музика, албански | 10:19:25 | 10:40:45 | Без податоци за уредникот на ТВ ЕРА и сл. |
| Вести (над 8 минути) | 12:05:24 | 12:13:35 | Без податоци во прилозите и во одјавната шпица за уредникот и адресата на ТВ ЕРА и сл. |
| Музичка, верска (исламска), на албански и др. | 12:13:35 | 13:01:21 | Без податоци за уредникот на ТВ ЕРА и сл. |
| Дневни (кулинарски) рецепти | 13:01:21 | 13:13:47 | Без одјавна шпица со потребните податоци, од ТВ ЕРА |
| Музички блок, народна музика, турски | 15:26:00 | 15:52:35 | Без податоци за уредникот на ТВ ЕРА и сл. |
| Вести (над 8 минути) | 15:59:49 | 16:08:00 | Без податоци во прилозите и во одјавната шпица за уредникот и адресата на ТВ ЕРА и сл. |
| Музички блок, забавна музика, албански | 16:14:16 | 16:32:18 | Без податоци за уредникот на ТВ ЕРА и сл. |
| Музички блок, забавна музика, албански | 16:38:05 | 16:58:33 | Без податоци за уредникот на ТВ ЕРА и сл. |
| Музички блок, народна музика, албански | 17:18:45 | 17:48:18 | Без податоци за уредникот на ТВ ЕРА и сл. |
| Музички блок, народна музика, албански | 18:52:28 | 19:20:46 | Без податоци за уредникот на ТВ ЕРА и сл. |
| Вести (над 20 минути) | 19:30:23 | 19:50:18 | Без податоци во прилозите и во одјавната шпица за уредникот и адресата на ТВ ЕРА и сл. |
| Поглавје „Спорт", каде што се емитува извештај од импровизирано гаснење пожар во едно основно училиште во Скопје | 19:54:31 | 19:57:36 | Без податоци во прилозите и во одјавната шпица за уредникот и адресата на ТВ ЕРА и сл. |
| Музички блок, народна музика, албански | 20:03:36 | 20:19:41 | Без податоци за уредникот на ТВ ЕРА и сл. |
| Музички блок, народна музика, албански | 20:23:39 | 20:42:55 | Без податоци за уредникот на ТВ ЕРА и сл. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Музички блок, народна музика, албански | 22:37:14 | 23:22:09 | Без податоци за уредникот на ТВ ЕРА и сл. |
| Вести (над 20 минути) | 23:27:39 | 23:48:55 | Без податоци во прилозите и во одјавната шпица за уредникот и адресата на ТВ ЕРА и сл. |
| Поглавје „Спорт", каде што се емитува извештај од импровизирано гаснење пожар во едно основно училиште во Скопје | 23:50:56 | 23:53:57 | Без податоци во прилозите и во одјавната шпица за уредникот и адресата на ТВ ЕРА и сл. |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 14 од Законот за медиуми** (Импресум), програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДОО Скопје, на 12 мај 2016 година, не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

9. **Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДОО Скопје и согласно точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***